Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

[redacted]

ИП1 бр. 29-102
Дата: 16.04.2026 година

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022, во врска со поведената инспекциска постапка кон субјектот на надзор ЈКП ДЕРВЕН Велес, со седиште на ул. Вардарска бб. Велес, со ЕМБС 4025555, ЕДБ 4004989106051, одговорно лице Горанчо Наунчев-директор, со адреса на живеење на ул. Коструска бр. 1 Велес, ЕМБГ 2306975480037, врз основа на член 33 став 4 од Законот за инспекциски надзор во животната средина (Службен весник на РСМ бр. 99/22, 03/25), а врз основа на фактичката состојба утврдена со Записник бр. 29-102 од 15.04.2026г. го донесе следното:

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ВРШИ** продолжување на рокот за извршување на мерката од точка 2.3 од Решението ИП1бр. 29-102 од 25.02.2026г., донесено од страна на ДИЖС кон субјектот на надзор ЈКП ДЕРВЕН Велес, за дополнителни 60 дена, заклучно со рок за извршување на решението – 14.06.2026г.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина, донесе Решение ИП1бр. 29-102 од 25.02.2026г. со мерки и рокови за негово извршување.

Пред истекот на рокот утврден во решението, субјектот на надзор на 08.04.2026г. достави Известување дека не може да го испочитува рокот од решението во точка 2.3, со образложение на причините за неизвршување и со барање за продолжување на рокот за извршување на оваа мерка од решението која гласи: Да се изврши предавање на складираното отпадно масло, отпадни акумулатори, отпадни гуми и отпаден метал на овластени постапувачи со дозвола за управување со отпадот, а за предавањето да обезбеди идентификациони и транспортни формулари.

При контролниот надзор во Записник ИП1 бр. 29-102 од 15.04.2026г. се констатира следното: "Во врска со извршувањето на мерката 2.3 од решението, субјектот на надзор на 08.04.2026г., пред истекот на рокот утврден во решението за извршување на оваа мерка, поднесе барање за продолжување на рокот од решението, од причина што за предавањето на складираното отпадно масло, отпадни акумулатори, отпадни гуми и отпаден метал на овластени

постапувачи, како јавно претпријатие имаат законски обврски и подолга процедура за спроведување на постапка за електронско наддавање во врска со продажба на отпадот. Ваква постапка е спроведена во 2023г. за што приложија и соодветна документација при контролниот надзор. Од надзорот се констатира дека барањето на субјектот на надзор е оправдано”.

Од сето горенаведено се констатира дека рокот утврден во мерка 2.3 од решението ИП1 бр. 29-102 од 25.02.2026г., очигледно е недоволен за извршување на истата.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 33 став 4 од Законот за инспекциски надзор во животната средина (Службен весник на РСМ бр. 99/22, 03/25), а врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на овој инспекциски акт.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против овој инспекциски акт незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на истиот.

За жалбата се плаќа административна такса од 250,00 (двеста и педесет) денари на: Назив на примачот: Трезорска сметка, Банка на примачот: Народна банка на Република Северна Македонија, жиро сметка: 100000000063095, Уплатна сметка: 840-111-03182, Приходна шифра: 722 315 00, Цел на дознака: Административна такси.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243